Врз основа на на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на РМ", бр. 18/08), министерот за труд и социјална политика, донесе

# УПАТСТВО

## за внатрешни работни процедури за имплементација на проекти од крајните приматели / корисници од ИПА компонента I

### Член 1

Со ова Упатство се уредуваат внатрешните работни процедури и постапки при спроведување на проектите од Националните програми во рамки на Компонента 1 од ИПА (Помош при транзиција и институционална надградба) во сите фази на спроведувањето со крајните приматели / корисници.

### Член 2

Крајни приматели / корисници се работните единици во Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот инспекторат за труд и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

### Член 3

Составен дел на ова Упатство е текстот во прилог на Упатството за внатрешните работни процедури за имплементација на проекти од крајните приматели / корисници од ИПА компонента 1. Текстот во прилог се донесува на македонски и англиски јазик.

### Член 4

Упатството за внатрешните работни процедури се однесува на спроведувањето на проектите од Националните програми во рамки на Компонента 1 од ИПА (Помош при транзиција и институционална надградба) за програмскиот период 2007-2013.

**Член 5**

Упатството за внатрешните работни процедури се со важност во текот на спроведувањето и до финалното затворање на Националните програми во рамки на Компонента 1 од ИПА (Помош при транзиција и институционална надградба) за програмскиот период 2007-2013, согласно роковите дефинирани во соодветните Финансиски спогодби.

**Член 6**

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот инспекторат за труд и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

**бр. 02-355/1**

17-06-20[illegible] **година, Скопје**

**Министер,**

**Диме Спасов**

Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, II, Скопје

Изработил: Гордана Тренкоска

Контролирал: Лена Ничевска

Согласен: Анкица Ивановски

Дарко Дочински

Одобрил: Весна Петковиќ, Виш програмски службеник